**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
**СКОПЈЕ**
Бул. Гоце Делчев бр. 9А 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Бр. 04-1245/14
22 -11- 2019
Скопје

Врз основа на чл. 110 став 1 точка 8 и чл. 175 став 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018 година), Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на својата 38. редовна седница одржана на 20.11.2019 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

1. **Д-Р МАРИЈА ПАУНОВА се избра** во звањето **вонреден професор** во наставно-научната област Македонистика **(Современ македонски јазик, Македонски јазик-вештини на правилно пишување и Македонски јазик-култура на говор).**

2. Именуван/-иот/-ата заснива работен однос на определено работно време до 19.11.2024 година.

3. Во стекнатото звање именуван/-иот/-ата се здобил-а од денот на донесувањето на оваа Одлука, а платата ќе се определи со посебно решение во согласност со Правилникот за плати.

## Образложение

На објавениот конкурс за избор на **вонреден професор** во наставно-научната област Македонистика **(Современ македонски јазик, Македонски јазик-вештини на правилно пишување и Македонски јазик-култура на говор)** објавен во дневните весниците „Нова Македонија" и „Коха", се пријави кандидатот **д-р Марија Паунова.**

Рецензијата за овој избор е објавена во Билтенот на Универзитетот бр. 1201.

Наставно-научниот совет на својата седница одржана на ден 20.11.2019 година по предлог на Рецензентската комисија во состав:

1. **д-р Димитар Пандев, редовен професор**
2. **д-р Славица Велева, редовен професор**
3. **д-р Симон Саздов, редовен професор**

едногласно го-ја избра **д-р Марија Паунова** во звањето **вонреден професор**.

Согласно чл. 175 став 1 од Законот за високото образование избраниот наставник заснива работен однос за времето на кое е избран.

Одлуката да се достави до именуван/-иот/-ата, Одделението за финансиско, сметководствено и материјално работење, Одделението за правни, општи работи и човечки ресурси и Архивата на Факултетот.

ДЕКАН
на Филолошкиот факултет

Проф. д-р Анета Дучевска

Изработил:ГК
Одобрил:МШ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

избор
-д-р Марија
Лаунова

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

**Број 1201**

Скопје, 15 октомври 2019 година

технологии на мебел и ентериер во Скопје (**доц. д-р Виолета Јакимовска Поповска**)........142-157

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 20200 – електротехника, на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**д-р Благоја Марковски**)........158-171
2. Реферат за избор на наставник во наставно-научното звање вонреден професор во наставно-научните области 20302 – електрични машини, трансформатори и апарати и 20303 – електромоторни погони на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**доц. д-р Михаил Дигаловски**)........172-190

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**Драгица Божиновска**)........191

**ФАРМАЦЕВТСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Примена на нови секвенционирачки технологии во генетската и функционалната карактеризација на молекуларните основи на наследните форми на колоректален карцином од м-р Марија Станинова Стојовска**, пријавена на Фармацевтскиот факултет во Скопје........192-202
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови по лабораториска анализа и инженерство во фармацијата на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Тамара Савова, Кристина Варсамовска**)........203
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Демуш Бајрактари**)........204
4. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички трудови по здравствен менаџмент и фармакоекономија на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Марија Ѓорѓиевска, Весна Балевска**)........205
5. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички трудови по козметологија на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Амди Алили, Суаде Исеини, Ана Талевска**)........206
6. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички трудови по фармацевтска регулатива на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Марија Гулева, Арта Гога, Јасминка Карановиќ, Калтрина Хаџијаха, Тања Митров, Катерина Котеска, Веса Халими**)........207
7. Преглед на одобрени теми за изработка на специјалистички трудови по индустриска фармација на Фармацевтскиот факултет во Скопје (**Андријана Тодоровска**)........208

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Социо-економски фактори и нивното влијание во современото семејство** поднесена од **м-р Драгана Лазаревска**, пријавена на Филозофскиот факултет во Скопје, Институт за социјална работа и социјална политика........209-213

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област македонистика (**Современ македонски јазик, Македонски јазик - вештини на правилно пишување и Македонски јазик - култура на говор**) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**д-р Марија Паунова**)........214-228
2. Рецензија на ракописот **Мал речник на називи на растенија, француско-македонски и македонско-француски од авторката м-р Анита Кузманоска**........229-233

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МАКЕДОНИСТИКА (СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК-ВЕШТИНИ НА ПРАВИЛНО ПИШУВАЊЕ И МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК-КУЛТУРА НА ГОВОР) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје/ Филолошки факултет „Блаже Конески”, објавен во весниците *Нова Македонија и Коха* од 12.6.2019 година, за избор на еден наставник (во сите звања) во наставно-научната област *македонистика* (Современ македонски јазик, Македонски јазик-вештини на правилно пишување и Македонски јазик – култура на говор), и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр.04-1245/6 од 20.9.2019 година, донесена на триесет и шестата редовна седница одржана на 18.9.2019 г., формирана е Рецензентската комисија во состав: д-р Димитар Пандев, редовен професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици, д-р Славица Велева, редовен професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици и д-р Симон Саздов, редовен професор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област *македонистика* (Современ македонски јазик, Македонски јазик-вештини на правилно пишување и Македонски јазик – култура на говор), во предвидениот рок се пријави еден кандидат: д-р Марија Паунова.

### 1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Марија Паунова е родена во Скопје, каде што завршила основно и средно образование. Во учебната 1997/98 година се запишала на Филолошкиот факултет во Скопје на групата македонски јазик и јужнословенски јазици (наставна насока, со книжевност). По завршувањето на студиите, од ноември 2002 година работи како демонстратор на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици на Филолошкиот факултет во Скопје, а од ноември 2003 год. како помлад асистент на истата Катедра.

Кандидатката има одлично познавање на англискиот и солидно познавање на германскиот, на грчкиот и на италијанскиот јазик.

Во учебната 2003/2004 год., д-р Паунова се запишала на втор циклус студии по македонски јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” во Скопје. Студиите ги завршила во 2005 год., со просечен успех 10.

На 6.5.2009 год. го одбранила магистерскиот труд на тема: *Деклинација на именките во црковнословенските ракописи од македонска редакција*. По одбраната, од декември 2009 година работи како асистент по предметите Старословенски јазик и Современ македонски јазик. Докторската дисертација под наслов *Културолошки аспекти на натписите и на записите на црковнословенски јазик во Македонија (од 14 до 18 век)* ја одбранила во мај 2014 година. На 16.12.2014 год., со Одлука бр. 04-1732/10 е избрана во звањето доцент по современ македонски јазик на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

Од 2014 г. до моментов е доцент на на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр.1088 од 14.11.2014 г.

### 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во наставата на прв циклус студии, од последниот избор во звањето доцент до 2019 година, кандидатката д-р Марија Паунова одржувала предавања и вежби по следниве предмети:

*Современ македонски јазик 1, 2* на студентите од групата турски јазик и книжевност (мајчин и немајчин јазик) и за студентите од групата албански јазик и книжевност; *Современ македонски јазик 5 и 6* на студентите од студиската програма по превод и толкување – албански јазик; *Старословенски јазик 1, 2* (2015/2016 г.); *Граматика на македонскиот јазик 1, 3,* на студентите од студиската програма по превод и толкување – албански јазик (2014/2015); *Македонски јазик за странци* (2014, 2018 г.) и вежбите за слободните изборни предмети за сите студенти на Филолошкиот факултет: *Македонски јазик – култура на говор* и *Македонски јазик – вештини на правилно пишување.*

Од 2018 г. одржува настава, предавање и вежби по предметот *Вештини на правилно пишување* за студентите од Машинскиот факултет.

Во периодот од 2014 до 2019 година била лектор по македонски јазик на Летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Во рамките на Летната школа на Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид, 2014) одржала и 4 часа предавања во рамките на курсот по *Креативно пишување.*

Учествувала во три работилници: *Summer school on Greek Paleography and Byzantine Epigraphy* (July 7-July 13, 2016), Patmos, Greece; *Liber International Summer School – Trends in Manuscripts Sudies* (June 27-July 1, 2016), Montecassino, Italy; како и *Состојбата, статусот и предизвиците на лекторите/јазичните редактори (најчести грешки-проблеми и решенија)* декември 2018, Филолошки факултет „Блаже Конески".

Досега била член на 17 комисии за оцена и за одбрана на дипломска работа.

За потребите за студентите од Машинскиот факултет изготвила нов предмет и скрипта со предавања и со вежби – *Вештини на правилно пишување за студентите од Машински факултет,* а за предметите МЈ1, 2, СМЈ1, 2, 5, 6 изготвила пакет-материјали за потребите на наставата.

Таа е еден од рецензентите на учебникот *Златоврв* од Анета Дучевска, во издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Рецензент е и на универзитетскиот учебник на Гордана Алексова, *Лозје,* исто така, во издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и на Филолошкиот факултет „Блаже Конески".

Повеќе детали за наставно-образовната дејност на д-р Марија Паунова може да се видат во прилогот кон овој Реферат (Образец-Анекс 2).

**Научноистражувачка дејност**

Од изборот како доцент до сега, д-р Паунова учествувала во два научно-истражувачки проекти, и тоа во билатералниот проект: *Општествено-културната улога на словенечкиот јазик во Македонија и на македонскиот јазик во Словенија* и во макропроектот на Филолошкиот факултет *Блаже Конески:* „Јазици, книжевности, култури: образовни политики во функција на современото општество".

Во 2019 г., кандидатката ја објави монографијата *Јазичните особености на кирилските епиграфски споменици во Македонија.* Во неа се опфатени истражувања од областа на историската граматика, односно се проследува историскиот развој на јазичните особености на сите јазични рамништа одразени во кирилските епиграфски споменици во Македонија.

Д-р Марија Паунова има објавено 10 научни трудови од областа на македонистиката, од кои 1 труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот; 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое се објавува во земја-членка на Европската Унија; 2 труда со оригинални научни резултати, објавени во научни списанија со меѓународен уредувачки одбор; потоа 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на рецензирани трудови презентирани на меѓународни академски собири со меѓународен уредувачки одбор; 1 труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир; 2 труда со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор и 2 труда објавени во зборници на високообразовна институција:

1.„Аграматизам при изучување на македонскиот како втор јазик", IV по ред конференција, *Изучувањето на јужнословенските јазици и литератури во денешна Европа,*

Department of Slavonic Studies, Section of South Slavonic and Balkan Studies, Brno, Česka, Porta Balcanica, 2014, 563-570.

2. „Македонско-словенечки врски од историски аспект“, во: Годишен зборник на Флф *Блаже Конески*, УКИМ, кн.39-40, (2013-2014), Скопје 2014, 373-383.

3. „Самуиловиот натпис како најстар кирилски епиграфски споменик од Македонија", Зборник од конференцијата Самуиловата држава во историската, воено-политичката, духовната и културната традиција на Македонија, Струмица 2015, 247-258.

4. „Придонесот на српската наука во афирмирање на македонското епиграфско богатство", шести Меѓународен научен собир на тема **„Врските меѓу Р. Македонија и Р. Србија низ вековите и денес“, Битола 2015, 375-380.**

5. „Graffiti as a text“, KNOWLEDGE-International Journal, Vol.30, стр.1209-1216, GIF 1.322 (2016), ISSN-1857-923X.

6. „Придонесот на проф. Р. Угринова-Скаловска во афирмирање и проучување на македонската средновековна епиграфика“, Зборник по повод 90-години од раѓањето на проф. Угринова, УКИМ, Филолошки факултет, Скопје 2016, 179-190.

7. „Јазикот на кирилската епиграфика во Македонија“, во Зборникот на трудови од Меѓународната научна конференција „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици“, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ 2017, 397-407.

8. „Јазични особености на кирилските епиграфски споменици во Македонија“, Славистички студии бр.17, Скопје 2017, 115-125.

9. „Кон статијата *За натписот на црквата Св. Никола во село Стрезовце, Кумановско* од Кита Бицевска, Славистички студии бр.18, Скопје 2018, 153-157.

10. „Графити срца“, *Jezik, књiжevnost i emocije*, Alfa BK univerzitet, Apollo Graphic Beograd, 2019, 193-209.

Настапувала на десет научни/стручни собири во земјава и во странство со предавање/усна презентација (Брно, Белград, Рим, Вроцлав, Врњачка бања): на IV по ред конференција, *Изучувањето на јужнословенските јазици и литератури во денешна Европа,* Department of Slavonic Studies, Section of South Slavonic and Balkan Studies, Brno, Česka; на 44th Incontro di Grammatica Generativa, Università degli Studi Roma Tre; на VII меѓународна конференција *Jezik, књiжevnost i emocije,* Alfa BK univerzitet, Beograd; на XXth International Conference, Knowledge without borders, Vrnjacka Banja, Serbia; на IV Меѓународна интердисциплинарна научна конференција, *Словенството некогаш и сега* (јазик, литература, култура), Универзитет во Вроцлав, Институт за славистика.

Во рамките на програмата Ерасмус+ за мобилност на наставен кадар за учебната 2017/2018 г., по покана на ИНАЛКО, Париз, во мај 2018 г. д-р Паунова одржала циклус (4) предавања за студентите од прв и од втор циклус студии, и тоа: (1) Paleoslavistic. Medievistics; (2) Contribution of French scientists for Slavistics (from Saussure, Meillet, Mazon, Valliant to Benveniste); (3) From Old Church Slavonic to Contemporary Macedonian Language (based on manuscripts' features and epigraphic monuments); (4) The place of the Macedonian language in Slavic and Balkan linguistic world.

Кандидатката е рецензент на една монографија (проф. д-р Димитар Пандев, *Глагољубни песновиденија*, Матица македонска, Скопје 2016), како и на 11 научни/стручни трудови (Gjoko Nikolovski во Slavia Centralia, Maribor 2016/2: *Fonoloske baze suskega govora-120 let po izidu Macedonische Studien (1986) Vatrsolava Oblaka*; потоа на статијата *Hrvatski jezik i kultura-iz perspektive makedonskih studenata izbornoga hrvatskoga (автор Томислав Ќужиќ)* VI. HIDIS, Zagreb 2016; како и на 5 труда од Осмиот научен собир на млади македонисти, Скопје 2016 и на 4 прилози од *Како си ми,* трета студентска филолошка конференција 2017).

За поопширни информации во врска со научноистражувачката дејност на д-р Марија Паунова види Анекс 2 од Извештајот.

## Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Марија Паунова е активно вклучена во стручно-апликативната работа како на Катедрата за македонски јазик при Филолошкиот факултет, така и на самиот Факултет.

Кандидатката пет години учествува во подготовката, организацијата и одржувањето на промотивните активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" (2014 - 2019 г.).

Во овој период, д-р Паунова на македонски јазик има лекторирано четири труда и бројни статии/прилози, од стручната и од популараната литература.

Во однос на дејностите од поширок интерес учествувала во повеќе активности, како член на организациски/уредувачки/рецензентски одбор на меѓународни/домашни стручни/научни собири или зборници, и тоа: член на уредувачкиот одбор на Зборник на трудови посветен на проф. д-р Р.Угринова-Скаловска, 2015-2016; член на Организацискиот одбор на Šesti međunarodni znanstveni skup, Hrvatski kao drugi i strani jezik – VI. HIDIS, Zagreb, 15. – 17. prosinca 2016; член на Научниот одбор на Меѓународната научна конференција *Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик –Рацин и македонскиот јазик*, Велес (14-15 јуни 2018 г.); член на Научниот одбор на Меѓународната научна конференција *Светлината на зборот (јазилни и книжевни аспекти во творечкиот опус на Кочо Рацин и на Матеја Матевски)*, Велес (7 јуни 2019 г.); член на уредувачкиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" (2019-2021).

Во 2018 г., д-р Марија Паунова остварила еднонеделен престој на ИНАЛКО, Париз, *во рамките на програмата Еразмус+ за индивидуална мобилност на студенти и наставен кадар за учебната 2017/2018 година*.

Исто така, активно е вклучена во бројни стручни комисии при Филолошкиот факултет: член на Комисијата за евалуација (во 2018 год.); неколкугодишен член на Наставно-научниот совет на Факултетот; член на Комисија за попис на библиотечен фонд (2015, 2016, 2018 г.); член на Комисија за попис на постојани средства (2014 г.); повеќегодишен член на Комисијата за пресметување на просек на пријавени кандидати за упис во прва година (за учебните 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019 г.).

Била и член на Комисијата за изведување на македонскиот јазик како странски за основно, средно и напреднато рамниште (2016-2019), во рамките на Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески". Освен како испитувач/оценувач при изведување на испитите по македонски јазик како странски за основно, средно и напреднато рамниште во рамките на овој Центар, како сертифициран составувач учествувала и во составување тестови по македонски јазик како странски (2015-2019).

Д-р Марија Паунова била член на две рецензентски комисии за избор во звање на Универзитетот на Југоисточна Европа (на Благојка Здравковска-Адамова за избор во виш лектор во 2017; на Александра Пандиловска-Танеска за виш лектор во 2018 г.).

Од 2018 год. е ЕКТС-координатор на студентите од Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици.

Д-р Паунова е член на Советот за македонски јазик при Владата на Северна Македонија (од 2017 г.).

**Заклучок и предлог**

Врз основа на доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува целокупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-применувачкта дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Марија Паунова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Марија Паунова поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј* во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област македонистика (Современ македонски јазик, Македонски јазик-вештини на правилно пишување и Македонски јазик – култура на говор).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, д-р Марија Паунова да биде избрана во звањето вонреден професор во научната област македонистика (Современ македонски јазик, Македонски јазик-вештини на правилно пишување и Македонски јазик – култура на говор).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Димитар Пандев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Славица Велева, член, с.р.**
**Проф. д-р Симон Саздов, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **МАРИЈА ПЕТАР ПАУНОВА**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ"**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област: МАКЕДОНИСТИКА (СОВРЕМЕН МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК-ВЕШТИНИ НА ПРАВИЛНО ПИШУВАЊЕ, МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК-КУЛТУРА НА ГОВОР)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| РРед. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 11 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,96<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00<br>Просечниот успех изнесува ___________за интегрираните студии. | |
| 22 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: македонистика (Современ македонски јазик, Македонски јазик-вештини на правилно пишување и Македонски јазик култура на говор) | |
| 33 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 33.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Knowledge, Vol.30, 1209-16<br>2. Назив на електронската база на списанија: Ebsco<br>3. Наслов на трудот: *Graffiti as a text*<br>4. Година на објава: 2016<br>GIF:1.322 | да |
| 33.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при | да |

| РРед. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br><br>1. Назив на научното списание: Славистички студии, 153-58<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 7 члена: Македонија (3), Полска (1), Русија (1), Србија (1), Чешка (1)<br>3. Наслов на трудот: Кон статијата За натписот на црквата Св. Никола во село Стрезовце, Кумановско од Кита Бицевска<br>4. Година на објава: 2018<br><br>1. Назив на научното списание: Славистички студии, 115-25<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): вкупно 7 члена: Македонија (2), Полска (1), Русија (1), Србија (1), Австрија (1), Чешка (1)<br>3. Наслов на трудот: Јазични особености на кирилските епиграфски споменици во Македонија<br>4. Година на објава: 2017 | |
| 33.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br><br>1. Назив на научното списание: Porta Balcanica 2014, 563-570<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД, Чешка<br>3. Наслов на трудот: Аграматизам при изучување на македонскиот како втор јазик<br>4. Година на објава: 2014 | да |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: __________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД_________<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: ______________ | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: LANGUAGE, LITERATURE, AND EMOTIONS, Proceedings from the Seventh International Conference at the Faculty of Foreign Languages: Language, Literature, and Emotions, Belgrade, 193-209<br>2. Назив на меѓународниот собир: Jezik, knjizevnost i emocije<br>3. Имиња на земјите: Србија, Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово, Норвешка, САД, Романија<br>4. Наслов на трудот: Графити срца<br>5. Година на објава: 2019 | да |

| | | |
|---|---|---|
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: ________ | |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Година на објава ____________<br>3. Издавач, место на издавање и година ________________ | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: 14.11.2014 г., Билтен бр.1088. | да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од прв и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**Членови на Комисијата**
**Проф. д-р Димитар Пандев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Славица Велева, член, с.р.**
**Проф. д-р Симон Саздов, член, с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **Марија Петар Паунова**
(име, татково име и презиме)

**Институција:** **Филолошки факултет ,,Блаже Конески"**
(назив на факултетот/институтот)

**Научна област:** **македонистика**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување настава од прв циклус студии** | |
| | **2014/2015 зимски семестар** | |
| | Граматика на МЈ 1 (0+2) | 1.2 |
| | Граматика на МЈ 3 (0+2) | 1.2 |
| | Современ македонски јазик 1 (0+2) | 1.2 |
| | Современ македонски јазик 5 (0+4) | 2.4 |
| | Македонски јазик – култура на говор (0+2) | 1.2 |
| | Македонски јазик за странци 2 (0+2) | 1.2 |
| | **2014/2015 летен семестар** | |
| | Современ македонски јазик 6 (0+4) | 2,4 |
| | Современ македонски јазик 2 (2+4) | 3,6 |
| | Македонски јазик – вештини на правилно пишување (0+2) | 1.2 |
| | **2015/2016 зимски семестар** | |
| | Старословенски јазик 1 (2+2) | 2,4 |
| | Современ македонски јазик 5 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 1 (2+4) | 3,6 |
| | Македонски јазик – култура на говор (0+2) | 1.2 |
| | **2015/2016 летен семестар** | |
| | Старословенски јазик 2 (2+2) | 2,4 |
| | Современ македонски јазик 6 (0+4) | 2.4 |
| | Македонски јазик – култура на говор (0+2) | 1.2 |
| | Современ македонски јазик 2 (2+4) | 3,6 |
| | Македонски јазик – вештини на правилно пишување (0+2) | 1,2 |
| | Методика на наставата по македонски јазик (2+2) | 0,64 |
| | **2016/2017 зимски семестар** | |
| | Современ македонски јазик 5 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 1 (2+4) | 3,6 |
| | Македонски јазик – култура на говор (0+2) | 1.2 |
| | Македонски јазик - вештини на правилно пишување (0+2) | 1.2 |
| | **2016/2017 летен семестар** | |
| | Современ македонски јазик 6 (0+4) | 2,4 |
| | Современ македонски јазик 2 (2+4) | 3,6 |
| | Македонски јазик – вештини на правилно пишување (0+2) | 1.2 |
| | **2017/2018 зимски семестар** | |
| | Современ македонски јазик 5 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 1 (2+4) | 3,6 |
| | Македонски јазик – култура на говор (0+2) | 1.2 |
| | **2017/2018 летен семестар** | |
| | Современ македонски јазик 6 (0+4) | 2,4 |

| | | |
|---|---|---|
| | Современ македонски јазик 2 (2+4) | 3,6 |
| | Македонски јазик – вештини на правилно пишување (0+2) | 1.2 |
| | Вештини на правилно пишување (Машински факултет) 2+2 | 2,4 |
| | **2018/2019 летен семестар** | |
| | Современ македонски јазик 5 (0+4) | 2.4 |
| | Современ македонски јазик 1 (2+4) | 3,6 |
| | Македонски јазик – култура на говор (0+2) | 1.2 |
| | Македонски јазик за странци 2 (0+2) | 1,2 |
| | **2018/2019 летен семестар** | |
| | Современ македонски јазик 6 (0+4) | 2,4 |
| | Современ македонски јазик 2 (4+0) | 2,4 |
| | Македонски јазик – вештини на правилно пишување (0+2) | 1.2 |
| | Вештини на правилно пишување (Машински факултет) 2+2 | 2,4 |
| | | 86,24 |
| 2. | **Настава во школи и работилници** | |
| | Лектор на летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (во: 2014, 2015, 2016, 2017, 2018 г.)<br>5 години x 1 = 5 | 5 |
| | Циклус предавања на летната школа на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (Охрид 2014), во рамките на курсот по Креативно пишување (4 часа) | 6 |
| | учесник на работилница *Summer school on Greek Paleography and Byzantine Epigraphy* (July 7-July 13, 2016), Patmos, Greece | 1 |
| | учесник на работилницата *Liber International Summer School – Trends in Manuscripts Sudies* (June 27-July 1, 2016), Montecassino, Italy | 1 |
| | учесник на работилница *Сосшојбаша, сшашусош и йредизвициише на лекшориише/јазичниише редакшори (најчесши ірешки-йроблеми и решенија)* декември 2018, Филолошки факултет *Блаже Конески*, УКИМ | 1 |
| 3. | **Подготовка нов предмет** | |
| | Вештини за Машински факултет (предавања и вежби, 1+0,5) | 1,5 |
| 4. | **Консултации со студенти** | |
| | 2014/2015:<br>зимски семестар: 200 x 0.002 = 0.4<br>летен семестар: 200 x 0.002 = 0.4 | 0.8 |
| | 2015/2016:<br>зимски семестар: 120 x 0.002 = 0.24<br>летен семестар: 120 x 0.002 = 0.24 | 0.48 |
| | 2016/2017:<br>зимски семестар: 120 x 0.002 = 0.24<br>летен семестар: 120 x 0.002 = 0.24 | 0,48 |
| | 2017/2018:<br>зимски семестар: 100 x 0.002 = 0.2<br>летен семестар: 200 x 0.002 = 0.4 | 0,6 |
| | 2018/2019:<br>зимски семестар: 100 x 0.002 = 0.2<br>летен семестар: 200 x 0.002 = 0.4 | 0,6 |
| 5. | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа на: Катерина Петревска (2014), Халиде Рамадани (2014) Миодраг Рајовски (2014), Донка Петрова (2015), Лилјана | 1,7 |

| | | |
|---|---|---|
| | Средојевиќ (2015), Ѓунер Арап (2016), Рувиде Аки (2016), Сања Ѓошевска (2016), Азра Таировиќ (2016), Ана Лентиќ (2017), Невена Ристеска (2017), Марија Гочева (2017), Дарија Стаматова (2018), Стефанија Чанкуловска (2018), Деница Србиноска (2019), Сандра Илиќ (2019), Џејлане Мемети (2019)<br>17 x 0,1 = 1,7 | |
| 6. | **Интерна скрипта од предавања/вежби** | |
| | Скрипта за предметот Вештини на правилно пишување за Машински факултет (предавања) | 4 |
| | Скрипта за предметот Вештини на правилно пишување за Машински факултет (вежби) | 3 |
| 7. | **Рецензент на универзитетски учебник** | |
| | Рецензент на универзитетски учебник на Анета Дучевска, *Златоврв,* УКИМ, Филолошки факултет *Блаже Конески,* Скопје 2019. | 1 |
| | Рецензент на универзитетски учебник на Гордана Алексова, *Лозје,* УКИМ, Филолошки факултет *Блаже Конески,* Скопје 2019. | 1 |
| 8. | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Материјали за предметите (МЈ1, 2 за АЈК; СМЈ 1, 2 за ТЈК, СМЈ 5,6 за ПиТА), 6x1 | 6 |
| | **Вкупно** | 121.3 |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Учесник во национален научен проект** | |
| | Макропроект на Филолошкиот факултет *Блаже Конески:* „Јазици, книжевности, култури: образовни политики во функција на современото општество" | 3 |
| 2. | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | Билатерален (словенечко-македонски) научен проект: *Општествено-културната улога на словенечкиот јазик во Македонија и на македонскиот јазик во Словенија* | 5 |
| 3. | **Монографија** | |
| | Јазичните особености на кирилските епиграфски споменици во Македонија, Скопје: Датапонс, 2019 (ISBN 978-608-222-117-5) | 8 |
| 4. | **Труд со оригинални научни резултати објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот** | |
| | *Graffiti as a text,* KNOWLEDGE-International Journal, Vol.30, стр.1209-1216, GIF 1.322 (2016), ISSN-1857-923X | 8 |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји** | |
| | „Кон статијата *За натписот на црквата Св. Никола во село Стрезовце", Кумановско* од Кита Бицевска, Славистички студии бр.18, Скопје 2018, 153-157. | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | „Јазични особености на кирилските епиграфски споменици во Македонија”, Славистички студи бр.17, Скопје 2017, 115-125. | 5 |
| 6. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на ЕУ и/или ОЕЦД** | |
| | „Аграматизам при изучување на македонскиот како втор јазик”, IV. по ред конференција, *Изучувањето на јужнословенските јазици и литератури во денешна Европа*, Department of Slavonic Studies, Section of South Slavonic and Balkan Studies, Brno, Česka, Porta Balcanica, 2014, 563-570. | 5 |
| 7. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |
| | *Графити срца, Jezik, književnost i emocije*, Alfa BK univerzitet, Apollo Graphic, Beograd 2019, 193-209 | 5 |
| 8. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир** | |
| | „Самуиловиот натпис како најстар кирилски епиграфски споменик од Македонија", Зборник од конференцијата Самуовата држава во историската, воено-политичката, духовната и културната традиција на Македонија, Струмица 2015, 247-258. | 2 |
| 9. | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор** | |
| | „Придонесот на српската наука во афирмирање на македонското епиграфско богатство", шести Меѓународен научен собир на тема **„Врските меѓу Р. Македонија и Р. Македонија низ вековите и денес“, Битола 2015, 375-380.** | 3 |
| | „Јазикот на кирилската епиграфика во Македонија, во Зборникот на трудови од Меѓународната научна конференција „Македонистиката меѓу традицијата и современите предизвици“, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ 2017, 397-407. | 3 |
| 10. | **Трудови објавени во зборник на в.о институција** | |
| | „Македонско-словеначки врски од историски аспект, во: Годишен зборник на Флф Блаже Конески, УКИМ, кн.39-40, (2013-2014), Скопје 2014, 373-383 | 2 |
| | „Придонесот на проф. Р. Угринова-Скаловска во афирмирање и проучување на македонската средновековна епиграфика, Зборник по повод 90-години од раѓањето на проф. Угринова, УКИМ, Филолошки факултет, Скопје 2016, 179-190 | 2 |
| 11. | **Рецензија на монографија** | |
| | Димитар Пандев, *Глаголјубни песновиденија*, Матица македонска, Скопје 2016 | 0,5 |
| 12. | **Рецензија на научен/стручен труд** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Рецензент на статијата на Gjoko Nikolovski vo Slavia Centralia, Maribor 2016/2: *Fonoloske baze suskega govora-120 let po izidu Macedonische Studien (1986) Vatrsolava Oblaka* | 0,2 |
| | Рецензент на статијата на Томислав Ќужиќ за VI. HIDIS, Zagreb 2016: *Hrvatski jezik i kultura-iz perspektive makedonskih studenata izbornoga hrvatskoga* | 0,2 |
| | Осми научен собир на млади македонисти, Скопје, 2016 рецензија на 5 статии | 1 |
| | Како си ми, III студентска филолошка конференција, 2017, рецензија на 4 статии | 0,8 |
| 13. | **Секциски предавања на научен/стручен собири со меѓународно учество** | |
| | | 2x8=16 |
| | Предавање на тема: „Придонесот на српската наука во афирмирање на македонското епиграфско богатство", на шестиот Меѓународен научен собир на тема **„Врските меѓу Р. Македонија и Р. Македонија низ вековите и денес“, Битола, 2015.** | 2 |
| | Предавање на Третиот меѓународен научен симпозиум „Денови на Јустинан I, на тема: Византија и наследството на Европа: Поврзување на културите, одржан на 30 и 31 октомври 2015, Скопје. | 2 |
| | Предавање на Меѓународната конференција „Рускиот јазик, литература и култура во Република Македонија: минато, сегашност и иднина“, 27-29 септември 2017 година, Скопје, Руски центар, УКИМ (Руското влијание во кирилските епиграфски споменици во Македонија). | 2 |
| | Предавање на тема: *Graffiti as a text*, XXth International Conference, Knowledge without borders, Vrnjacka Banja, Serbia | 2 |
| | Предавање на 44th Incontro di Grammatica Generativa, Рим (Università degli Studi Roma Tre), март 2018, (On the loosening of the synthetic flexion (from Old Church Slavonic until Contemporary Macedonian Language) | 2 |
| | Предавање на тема: Графитите како дел од материјалната култура на македонскиот народ, на меѓународниот научен собир ФОЛКЛОР-ТРАДИЦИЈА-ЈАЗИК, ИМЈ, мај 2018 | 2 |
| | Усна презентација: *Графити срца,* konferencija *Jezik, књижevnost i emocije,* 18. и 19. мај 2018 год. Alfa BK univerzitet, Beograd | 2 |
| | Усна презентација на IV меѓународна интердисциплинарна научна конференција, *Словенството некогаш и сега* (јазик, литература, култура), Универзитет во Вроцлав, Институт за славистика, април 2019, на тема: *Графитите како предмет на лингвистиката* | 2 |
| 14. | **Одржано предавање по покана на рефрентен странски универзитет** | |
| | Циклус од 4 предавања на тема: *Преглед на 12-вековниот јазично-културолошки континуитет на македонскиот јазик,* 7-12 мај 2018, INALCO, Paris, France (3x4=12) | 12 |
| 15. | **Учество на научен/стручен собир со реферат, усна презентација** | |
| | Усна презентација: *Самуиловиот натпис како најстар кирилски епиграфски споменик од Македонија,* на научниот собир *Самуиловата држава во историската, воено-* | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | *политичката, културната традиција на Македонија*, Струмица, 24-26.10.2014 | |
| | усна презентација: *Светлината на зборот во Циклусот за светулките на Матеја Матевски (јазични аспекти)*, на Меѓународната научна конференција *Светлината на зборот (јазилни и книжевни аспекти во творечкиот опус на Кочо Рацин и на Матеја Матевски)*, Велес, јуни 2019 | 1 |
| | **Вкупно** | 89,7 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Поени

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | **Учесник во промотивни активности на Факултетот** | |
| | Учество во промотивните активности на Филолошкиот факултет „Блаже Конески", во рамките на манифестацијата „Отворен ден на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј, во април-мај 2015, 2016, 2017, 2018, 2019 (5 x 0.5 = 2,5) | 2.5 |
| 2. | **Лекторирање на трудови на македонски јазик** | |
| | Ана Салтирова-Давидовски, *Благодарам*, Бранко Гапо, Скопје 2018 | 1 |
| | О. Јанески, Е. Антовска, *Муабети за личен развој*, 2019. | 1 |
| | лектура на Зборникот по повод 90-години од раѓањето на проф. Радмила Угринова-Скаловска, Филолошки факултет *Блаже Конески*, УКИМ, Скопје 2016. | 1 |
| | М. Паунова: *Јазичните особености на кирилските епиграфски споменици во Македонија*, Скопје: Датапонс, 2019 | 1 |
| | Како си ми, III студентска филолошка конференција, 2017, лектура на 4 статии<br>Како си ми, IV студентска филолошка конференција, 2018, лектура на 2 статии | 1<br>0.5 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 3 | **Член на уредувачки одбор на списание/зборник трудови** | |
| | Член на уредувачкиот одбор на Зборник на трудови посветен на проф. д-р Р.Угринова-Скаловска, 2015-2016 | 1 |
| | Член на Редакцискиот одбор на Годишниот зборник на Филолошкиот факултет (2019-2021) | 1 |
| 4. | **Член на програмски или организациски одбор на научен/стручен собир, меѓународен** | |
| | Член на Организацискиот одбор на Šesti međunarodni znanstveni skup, Hrvatski kao drugi i strani jezik – VI. HIDIS, Zagreb, 15. – 17. prosinca 2016. | 1 |
| | Член на Научниот одбор на Меѓународната научна конференција *Унапредување на статусот и корпусот на македонскиот стандарден јазик –Рацин и македонскиот јазик*, Велес (14-15 јуни 2018 г.) | 1 |
| | Член на Научниот одбор на Меѓународната научна конференција *Светлината на зборот (јазилни и книжевни аспекти во творечкиот опус на Кочо Рацин и на Матеја Матевски)*, Велес (7 јуни 2019 г.) | 1 |
| 5. | **Студиски/истражувачки престој во странство** | |
| | ИНАЛКО, Париз (мај 2018), *во рамките на програмата Еразмус+ за индивидуална мобилност на студенти и наставен кадар за учебната 2017/2018 година.* | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| 6. | **Член на факултетска комисија** | |
| | Член на Комисија за попис на библиотечен фонд (2015, 2016, 2018)<br>3 x 0.5 = 1.5 | 1.5 |
| | Член на Комисија за попис на постојани средства на Филолошкиот факултет (за 2014)<br>1 x 0.5 = | 0,5 |
| | Член на Техничка комисија за пресметување на просек на пријавени кандидати за упис во прва година (за учебните: 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 и 2018/2019)<br>4 x 0.5 = 2 | 2 |
| | Член на Комисија за евалуација (2018 г.) | 0,5 |
| | Член на Комисија за изведување на тестот по македонски јазик за странци (ТЕМАК) (2016, 2017, 2018, 2019), 4 x 0.5 = 2 | 2 |
| 7. | **Член на комисија за избор во звање** | |
| | член на Рецензентска комисија за реизбор на Благојка Здравковска-Адамова за виш лектор на Универзитетот на Југоисточна Европа (2017);<br>Член на Рецензентска комисија за реизбор на Александра Пандиловска-Танеска за виш лектор на Универзитетот на Југоисточна Европа (2018) | 0,4 |
| 8. | **Координатор на студиска програма** | |
| | ЕКТС-координатор (2018- ) | 1,5 |
| 9. | **Член на Советот за македонски јазик (2017- )** | 3 |
| | **Вкупно** | 24.9 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 121.3 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 89.7 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 24.9 |
| **Вкупно** | 235,9 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Димитар Пандев, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Славица Велева, член, с.р.**
**Проф. д-р Симон Саздов, член, с.р.**